МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Број: 11-1220/4
Датум: 11.01.2022
Скопје

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год.**

Јавната анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год., ќе се одржи од 25.02.2022 до 25.03.2022 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на УЗ Влае 2, Скопје.

Јавната презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год., ќе се одржи на 11.03.2022 година, во 14.00 часот, во просториите на УЗ Влае 2.

Јавната презентација за јавните претпријатија по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул.Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год. ќе се одржи во просториите на Општина Карпош на 11.03.2022 година, во 13.00 часот.

Границата на планскиот опфат на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, е прикажана на графичките прилози и истата се движи како што следи:

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

- на североисток границата започнува од најсеверната точка 1 и се движи во југоисточен правец по осовината на бул. „Партизански Одреди“ (планиран профил на собирна улица по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022), сè до најисточната точка 4;
- на југосток границата се движи во југозападен правец по осовината на регулираното корито на Река Вардар, сè до најјужната точка 7;
- на југозапад границата се движи во северозападен правец по осовината на ул. „Војвода Васил Чакаларов“ (поранешна ул. „Адолф Циборовски“; планиран профил на собирна улица по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022), сè до најзападната точка 22;
- на северозапад границата се движи во североисточен правец по осовината на ул. „Ацо Шопов“ (планиран профил на собирна улица D.02 – D.03 по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022), сè до почетната точка 1.

Анкетните листови за учество на Јавната анкета ќе бидат во просториите на УЗ Влае 2.

Соопштението за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, плански период 2018–2023год., со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk